# Заклучоци донесени од состанокот на управниот одбор на Здружението на приватните лекари  одржано на ден 16.04.2011 година

1. Поради зголемување на буџетот на лекови за аптеките, да се побара пропорционално зголемување на буџетот за препишување на лековите и кај матичните лекари , или новите скапи лекови да се стават во т.н. Л-листа (лекови што не влегуваат во буџетот на лекарите).
2. Бидејќи е прогласена епидемија на морбили и има наредба од Министерство за дежурства на матичните лекари, истите да се спроведат во соработка и координација со Здраствените домови, таму каде што постојат.
3. Предложено е да се организира работилница во проширен  состав на Управниот одбор(со задолжително присуство на сите, без исклучоци) на кој би се дефинирале насоки и цели по кои би се движело Здружението во наредниот период.
4. Од  управниот одбор е одобрено сметките за патни трошоци и службен телефон(само за претседателот)  кои се трошат за состаноците да бидат подмирувани од сметката на Здружението.